Елена АЧКОВСКА-ЛЕШКОВСКА
Владимир ДУНГЕВСКИ

УДК: 159.955.665-057.87

# РАЗЛИКИ ВО СТИЛОВИТЕ НА МИСЛЕЊЕ КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ

***Куса содржина***

*Според теоријата на Роберт Стернберг, когнитивниот стил претставува префериран начин на мислење кој покажува како луѓето ги користат способностите што ги поседуваат. Дури и кога способностите се на исто рамниште, несогласувањето на стиловите на мислење може да придонесе една индивидуа да ја перцепира другата како глупава или нетолерантна.*

*Меѓу факторите кои влијаат врз развојот на стилот на мислење кај децата, Стернберг го вклучува и полот. Поаѓајќи од ова сознание, спроведено е истражување со цел да се утврди дали постојат разлики во преферираните стилови на мислење кај средношколци од машки и женски пол. Како инструмент е користен Стернберг-Вагнеровиот инвентар на самопроценка на нивоата, обемот и насоченоста на стиловите на мислење, дистрибуиран на 62 средношколци (27 машки и 35 женски). Резултатите покажуваат дека постојат значајни разлики во испитуваните стилови на мислење помеѓу средношколците со различен пол само во однос на локалниот и конзервативниот стил, кои се позастапени кај женските испитаници. Во однос на профилот на стилови на мислење, се забележува слична хиерархиска поставеност кај двете групи испитаници, со доминантна застапеност на либералниот и надворешниот стил, додека конзервативниот стил се покажа како најмалку префериран.*

***Клучни зборови**: СТИЛОВИ НА МИСЛЕЊЕ, РОБЕРТ СТЕРНБЕРГ, СРЕДНОШКОЛЦИ, ПОЛ.*

## Вовед

Зошто лицата кои покажале еднакви способности во тек на школувањето избираат различни професии? Зошто некои луѓе успеваат во избраната професија, а други се неуспешни? Зошто на

луѓето им одговара да изведуваат некои активности, а затајуваат во други? Зошто некои луѓе ни одговараат за дружење или соработка, а со други тешко комуницираме? Според Стернберг (Sternberg, 1999, 2003), она што ни се случува во животот, не зависи само од тоа *колку добро* мислиме, туку и од тоа *како* мислиме. Со други зборови, разликите што постојат меѓу луѓето во когнитивната сфера не треба секогаш да се припишуваат на различниот степен на развиеност на **способностите,** туку на преферираните **стилови на мислење**. Лицата чии стилови се некомпатибилни со оние на нивните родители, партнери, колеги или претпоставени, погрешно можат да се перцепираат како глупави, тврдоглави или нетолерантни. Учениците, чии стилови на мислење не се во согласност со силовите на мислење на наставникот, најчесто се казнуваат со слаби оцени или се етикетираат како незнајковци. Оттука, познавањето на стиловите на мислење може да им помогне на луѓето да се разберат себе си и другите.

Базичната идеја во теоријата за стиловите на мислење на Стернберг (Sternberg, 2003), е дека формите на владеење кои постојат во општеството претставуваат надворешна рефлексија на она што се случува во човековиот ум. Аналогно на општествената организација преку владеачки структури кои имаат легислативна, извршна и судска функција, стилот претставува начин на организација на нашето мислење. Стернберг разликува **функции, форми, нивоа, обем** и **насоченост** на стиловите на мислење, а во секоја од овие категории се вклучени по неколку карактеристични стилови.

Постојат три основни **функции** на стиловите на мислење: легислативна, егзекутивна и критичка. Луѓето кои го користат **легислативниот** стил се склони кон самостојно одлучување за содржината и начинот на изведување на некоја активност. Тие се креативни, сакаат да создаваат сопствени правила и се ангажираат во решавањето проблеми кои не се претходно структурирани од друг. Луѓето кои поседуваат **егзекутивен** стил на мислење се имплементатори; тие сакаат да следат прецизно утврдени правила и преферираат проблеми кои се претходно структурирани. Ним им одговара да бидат водени низ она што треба да го направат, односно да работат според препораки и упатства. Луѓето со **критички** стил на мислење сакаат да ги вреднуваат правилата и процедурите и преферираат проблеми во кои се анализираат и оценуваат постоечки активности и идеи.

Во однос на **формата**, се разликуваат монархиски, хиерархиски, олигархиски и анархиски стил на мислење. Лицето со **монархиски**

стил е преокупирано од една конкретна идеја или проблем и севкупната активност му е насочена кон нејзиното остварување или решавање. **Хиерархискиот** стил на мислење, пак, укажува на постоење хиерархија на цели кои се остваруваат според принципот на приоритет. Лицето кое го поседува овој стил е систематично и организирано во изнаоѓањето решенија на проблемите и при донесувањето одлуки. Индивидуата со **олигархиски** стил на мислење вообичаено е привлечена од неколку компетитивни цели и тешко и е да одлучи на која да и даде приоритет. Лицето со **анархиски** стил на мислење истовремено е мотивирано од огромен број различни потреби и цели, кои не се организирани и на кои им приоѓа стихијно. Кај него не постои ограничување во мислењето и активностите, што му овозможува да даде креативен придонес во работата бидејќи ги поврзува информациите на начин кој им е непознат на луѓето со организирани стилови.

Како што владините структури функционираат на повеќе нивоа (државно, градско, општинско итн), и луѓето функционираат на глобално и локално **ниво** на мислење. Оние со **глобален** стил сакаат да се справуваат со општи и апстрактни проблеми, насочени се кон гешталтот, а ги занемаруваат деталите. Тие преферираат филозофски и општ поглед на животот и светот. Луѓето со **локален** стил, пак, се концентрираат на проблеми кои бараат посветеност на детали, повеќе се ориентирани на прагматичната страна во ситуациите и повеќе се ангажираат околу конкретни проблеми од секојдневниот живот. Недостатокот кај овој стил на мислење е опасноста од бесполезно детализирање и „ситничарење“.

Во однос на **обемот,** можат да се развијат надворешен и внатрешен стил на мислење. Лицата со **надворешен** стил се екстровертни, отворени и ориентирани кон луѓето. Тие се социјално сензитивни **и** се отворени за соработка и за тимска работа. Индивидуите со **внатрешен** стил, се преокупирани со внатрешни проблеми, насочени се кон себе, интровертни, затворени и ориентирани кон задачата. Тие се помалку социјално сензитивни и преферираат да работат сами, но во најголем број ситуации се исклучително исполнителни.

Според **насоченоста**, стиловите на мислење се поделени на либерален и конзервативен стил. Луѓето со **либерален** стил се познати како „трагачи по возбуда“, ним брзо им здодеваат работите, па сакаат да ги надминува постоечките правила и процедури и да трагаат по ситуации кои се релативно двосмислени и неодредени. Оние со **кон-**

**зервативен** стил најдобро се чувствуваат во структурирана и релативно предвидлива средина бидејќи сакаат да се придржуваат до постоечките норми и да ги избегнат промените колку што е можно повеќе.

Секој од наведените стилови на мислење по својата природа не е ниту добар ниту лош. Според тоа, сите тие се подеднакво значајни, но различно ефикасни во различни ситуации, култури и временски (историски) периоди. Иако се зборува за преферирани стилови, треба да се нагласи дека во склопот на личноста не постои само еден стил, туку **профил на стилови на мислење**, што í овозможува успешно да функционира во различни ситуации. Луѓето меѓусебно се разликуваат и во однос на флексибилноста во примената на различни стилови во зависност од ситуациите. Значи, на стиловите не треба да се гледа како на статични категории, туку тие можат да се променат во тек на животот, затоа што се формираат низ процесот на социјалната интеракција.

Постојат повеќе **фактори** за кои се претпоставува дека влијаат врз развојот на стиловите на мислење. Меѓу најчесто споменуваните се: возраста, културата, религиозната припадност, родителските стилови на мислење, училишната насока, занимањето и полот. Многу студии го наведуваат **полот** како извор на варијација во психолошките карактеристики, меѓутоа, малку од наодите се конзистентни. Тие се движат од заклучокот дека мажите и жените се повеќе слични отколку различни, па се до радикалното гледиште дека разликите меѓу нив се толку големи што изгледа како да доаѓаат од различни планети. Во антологиската публикација на Макоби и Џеклин (Maccoby, E. & Jacklin, C.N., 1974), која дава метаанализа на психолошките истражувања од оваа област до 70-тите години на 20-тиот век, се истакнуваат доследно најдени разлики само во неколку когнитивни способности. Така, жените во просек имаат поразвиени вербални способности, перцептивна брзина и меморија, додека мажите покажуваат повисоки постигнувања на тестовите за спацијални, механички и математички способности.

Посовремените истражувања (според Weiten, 1997) укажуваат на поевидентни полови разлики во емоционалното и социјалното однесување, отколку во когнитивната сфера. Жените се повеќе грижливи, пријателски настроени, емпатични, отворени, доверливи, кооперативни, анксиозни, депресивни, сугестибилни и со пониско себепочитување. Мажите се во поголема мера компетитивни, доми-

нантни, самоуверени, упорни, агресивни, поподготвени да преземаат ризици и поподложни на криминално однесување. Генерален заклучок е дека стереотипите не се сосема погрешни, но разликите се малубројни, не многу високи и покомплексни од она што го сугерираат половите стереотипи.

Постојат повеќе теории кои се обидуваат да ги толкуваат овие разлики. *Еволутивната теорија* го застапува гледиштето дека разликите се кодирани во гените уште кај нашите далечни претци кои имале точно дефинирани полови улоги. Така, занимавањето со лов придонело кај мажите да се развијат спацијалните способности, додека доминантноста и агресивноста се толкуваат со фактот што до женката стигале посилните, поагресивните и подоминантните мажи. Грижливоста и нежноста кај жената, пак, е резултат на нејзината улога на мајка и домаќинка. Современите *биолошки теории* се базираат на докази за разлики во структурата на мозокот кај мажите и жените (Schulkin,1999, според Lahey,2002). Во просек, церебралниот кортекс кај мажите е за 10% поголем отколку кај жените како резултат на поголемиот волумен на белата материја, но нема разлики во однос на сивата. Понатаму, десната хемисфера е поразвиена кај мажите, со што се толкува и нивната поголемата успешност во активностите кои бараат спацијални способности (Wisnievski, 1998, според Lahey, 2002). Возрасните жени имаат поголем corpus callosum, кој е одговорен за интеграција на двете хемисфери, со што се толкуваат поизразените вербални способности кај жените. Постојат разлики и во субкортикалните области на мозокот. Така, амигдалата е поголема кај возрасните мажи, заради што тие изразуваат поголема агресивност, додека хипокампусот е поразвиен кај жените, што резултира со подобри мемориски способности. *Социјалните теории* на родови улоги го нагласуваат влијанието на агенсите на социјализација, како што се семејството, училиштето, врсниците, медиумите. Според нив, родовите улоги се формираат по пат на инструментално учење (се наградува однесувањето кое е специфично за традиционалните родови улоги), учење по модел и учење преку самосоцијализација.

Истражувањата на разликите меѓу половите во однос на когнитивните стилови немаат долга традиција, заради што недостасуваат валидни научни податоци. Сепак, наодите главно одат во прилог на социјалните теории на родови разлики. Во студијата на Вилијамс и Бест (Williams & Best, според Sternberg, 2003), спроведена во повеќе

од 30 земји, биле идентификувани придавките со кои се опишувале мажите и жените во тие култури. Мажите биле опишувани како авантуристи, индивидуалисти, инвентивни и прогресивни, додека жените биле почесто опишувани како претпазливи, зависни, срамежливи и субмисивни. Без оглед дали овие стереотипи се основани или не, родителите често ги користат како модел при воспитувањето на децата со одреден пол. Авторите заклучуваат дека машките и женските деца се социјализираат на различен начин, со што во општеството се прави вештачка поделба на стиловите на мислење карактеристични за индивидуи од двата пола. Машките индивидуи се повеќе и почесто наградувани за легислативен, внатрешен, глобален и либерален стил на мислење, додека женските се најмногу наградувани за егзекутивен или критички, надворешен и конзервативен стил. Традиционално, легислативниот и либералниот стил се поприфатливи за машките, отколку за женските индивидуи бидејќи од мажите се очекува да ги поставуваат правилата, а од жените – да ги следат (Sternberg, 2003). Меѓутоа, има и истражувања во кои не се најдени значајни разлики меѓу половите во однос на преференциите на одделни стилови на мислење (Cilliers & Sternberg, 2001).

Кај нас досега се реализирани две истражувања во кои е применет Стернберг – Вагнеровиот инвентар за самопроцена на стиловите на мислење. Испитувајќи ги функциите и формите на стиловите на мислење кај средношколците, Денкова (2005) добила разлики во однос на егзекутивниот, хиерархискиот и олигархискиот стил, кои се покажале повисоко вреднувани од страна на женските испитаници. Во однос на хиерархиската поставеност на стиловите на мислење, не се покажале големи разлики меѓу половите. Имено, легислативниот и хиерархискиот стил биле доминантни кај двете групи испитаници, а кај женските повисоко е рангиран егзекутивниот стил. Слични наоди во однос на доминантноста на стиловите на мислење се добиени и кај Ѓоргиева (2005).

Утврдениот недостигот од научни сознанија од оваа област беше предизвик за дефинирање на истражувачкиот проблем презентиран во овој труд. Имено, основен **проблем** во истражувањето е да се утврди *дали постојат разлики во преференциите на стиловите на мислење кај средношколците од машки и женски пол.* Тестирани се две хипотези кои произлегуваат од поставениот проблем:

1. Постојат разлики во изразеноста на специфичните стилови на мислење кај средношколците од машки и женски пол. Кај жен-

ските се позастапени надворешниот и конзервативниот стил, а кај машките – внатрешниот и либералниот стил.

2. Кај средношколците од машки и женски пол не постои компатибилност во профилите на стиловите на мислење.

## Метод

Во истражувањето учествуваа вкупно 62 средношколци од трета година во Државното средно угостителско – туристичко училиште „Лазар Танев“ од Скопје, од кои 27 момчиња и 35 девојки.

Како мерен инструмент во истражувањето се применети 6 скали од Стернберг – Вагнеровиот инвентар за самопроцена на стиловите на мислење, од кои секоја содржи по 8 искази. Скалите ги мерат **нивоата** на стиловите на мислење (глобален и локален стил), **обемот** на стиловите на мислење (надворешен и внатрешен стил) и **насоченоста** на стиловите на мислење (либерален и конзервативен стил). Испитаникот користи седумстепена скала во проценката колку се препознава себе си во описите дадени во секој од исказите, при што 1 означува најнизок, а 7 највисок степен на препознавање. За секоја од скалите теоретскиот минимален скор изнесува 1.0, а максималниот 7.0. Емпирискиот скор се споредува со критичните вредности во 6 однапред утврдени категории. Овие категории варираат од многу ниска па се до многу висока изразеност на секој од мерените стилови на мислење, а критичните скорови за секоја од категориите се менуваат во зависност од стилот кој се мери, полот на испитаникот и возраста (ученици и возрасни).

## Резултати и дискусија

Генерално земено, кај испитаниците од женски пол се забележуваат повисоки средни вредности на сите испитувани варијабли, додека варијабилноста на скоровите е поизразена кај испитаниците од машки пол (Табела 1 и График 1.). Овој наод не е во согласност со оној од истажувањето на Стернберг (Стернберг, 2003) во кое мажите, за разлика од жените, покажале тенденција да се проценуваат повисоко на сите скали на Стернберг – Вагнеровиот инвентар за самопроцена на стиловите на мислење.

**Табела 1.** *Дескриптивни параметри и значајност на разликите помеѓу аритметичките средини добиени за учениците од машки и женски пол, во однос на нивоат, обемот и насоченоста на стиловите на мислење*

| | машки | | женски | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ниво | M | SD | M | SD | D | t | df | p |
| глобален стил | 4.67 | 0.93 | 4.85 | 0.78 | -0.18 | -0.82 | 60 | > 0.05 |
| локален стил | 3.80 | 1.01 | 4.53 | 0.95 | -0.73 | -2.95 | 60 | < 0.01 |
| обем | | | | | | | | |
| надворе-шен стил | 5.05 | 1.22 | 5.61 | 1.02 | -0.56 | -1.96 | 60 | > 0.05 |
| внатре-шен стил | 3.93 | 1.17 | 4.50 | 1.17 | -0.57 | -1.90 | 60 | > 0.05 |
| насоченост | | | | | | | | |
| либера-лен стил | 5.37 | 0.87 | 5.73 | 0.82 | -0.36 | -1.64 | 60 | > 0.05 |
| конзерва-тивен стил | 3.33 | 1.27 | 4.35 | 1.05 | -1.02 | -3.44 | 60 | < 0.01 |

**График 1.** *Графички приказ на разликите помеѓу аритметичките средини на учениците од машки и женски пол во однос на нивоата обемот и насоченоста на стиловите на мислење*



Во однос на категориите за интерпретација на скоровите за **глобалниот стил** на мислење, може да се констатира дека двете групи испитаници и припаѓаат на високата категорија, што укажува дека поседуваат голем број карактеристики специфични за овој **стил**. Тестирањето на t-тестот не покажа статистички значајна разлика меѓу половите во однос на оваа варијабла ($t(60) = -0.82$; $p > 0.05$).

Во однос на **локалниот стил**, машките се наоѓаат во високата средна, а женските во изразено високата категорија. Статистичката обработка на резултатите покажа постоење на значајна разлика на ниво 0.01 во прилог на женскиот пол ($t(60) = -2.95$; $p < 0.01$).

Што се однесува до категоризацијата на добиените скорови за **надворешниот стил**, машките испитаници се наоѓаат во високата средна, а женските во високата категорија. Меѓутоа, не е најдена статистички значајна разлика меѓу двете групи испитаници ($t(60) = -1.96$; $p > 0.05$). Слични резултати се добиени и во однос на **внатрешниот стил** на мислење. ($t(60) = -1.90$; $p > 0.05$).

Во однос на **либералниот стил** на мислење, учениците од двата пола се наоѓаат во високата средна категорија, што укажува дека поседуваат барем некои од карактеристиките специфични за либералниот стил на мислење. Тестирањето на t-тестот не покажа постоење на статистички значајна разлика меѓу групите ($t(60) = -1.64$; $p > 0.05$).

Со оглед на категоризацијата на скоровите добиени за **конзервативниот** стил на мислење, машките се наоѓаат во ниската средна категорија, додека женските се наоѓаат во високата категорија. Добиена е статистички значајна разлика на ниво 0.01 во прилог на испитаниците од женски пол ($t(60) = -3.44$; $p < 0.01$).

Наведените резултати укажуваат дека меѓу половите се најдени статистички значајни разлики само во однос на **локалниот** и **конзервативниот** стил на мислење, во прилог на средношколките. Тоа значи дека жените повеќе внимание посветуваат на деталите и повеќе се окупирани со конкретни проблеми од секојдневниот живот, односно повеќе сакаат „да се фокусираат на дрвјата отколку на шумата во целина“. Оттука, тие се поуспешни во задачи кои бараат аналитичен приод и перцептивна дискриминација. Лошата страна на овој стил е што во својата екстремна форма може да се експонира како претерано и непотребно детализирање и „ситничарење“. Покрај тоа, тие преферираат да се придржуваат кон постоечките правила и процедури и да живеат и работат во позната средина. Не се

подготвени за брзи промени, предизвици и ризици, ниту се снаоѓаат во недоволно јасни и слабо структуирани ситуации.

Може да се заклучи дека делумно се потврдува првата хипотеза со која се претпоставуваше дека кај женските испитаници се позастапени надворешниот и конзервативниот стил, а кај машките – внатрешниот и либералниот стил. Ако се направи споредба со наодите на Стернберг и Григоренко (Sternberg & Grigorenko, 1997), добиени на американска популација, може да се констатира делумно совпаѓање на резултатите. И во нивното истражување не се најдени разлики меѓу половите во однос на преферирањето на надворешниот и внатрешниот стил на мислење, додека конзервативниот стил е позастапен кај женската популација.

Хиерархиската подреденост на шесте стила на мислење кај секој од половите е прикажана во Табела 2.

**Табела 2:** *Рангирање на добиените аритметички средини за испитуваните стилови на мислење кај учениците од машки и женски пол*

| | | машки | | женски | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ранг | м | ранг |
| **нивоа** | глобален стил | 4.67 | 3 | 4.85 | 3 |
| | локален стил | 3.80 | 5 | 4.53 | 4 |
| **обем** | надворешен стил | 5.05 | 2 | 5.61 | 2 |
| | внатрешен стил | 3.93 | 4 | 4.50 | 5 |
| **насо-ченост** | либерален стил | 5.37 | 1 | 5.73 | 1 |
| | конзервативен стил | 3.33 | 6 | 4.35 | 6 |

Евидентна е речиси идентична тенденцијата на преферирање на стиловите на мислење кај средношколците од машки и женски пол. Најпреферилан стил кај двата пола е **либералниот**, а најмалку преферилан е **конзервативниот** стил. Тоа значи дека на средношколците брзо им здодеваат работите, па бараат промени и возбуди и во тоа име се подготвени да ги кршат постојните правила и норми.

Тие се креативни и сакаат да внесуваат иновации, заради што претставуваат движечка сила во општеството. Ова однесување е очекувано со оглед на адолесцентната возраст во која се наоѓаат, а која се карактеризира со бунтовништво, хедонизам и потреба од стимулации.

Од изнесеното, може да се констатира дека не се прифаќа втората хипотеза со која се претпоставуваше дека кај средношколците од машки и женски пол не постои компатибилност во профилите на стиловите на мислење. Дали добиените наоди ја потврдуваат тезата дека современиот тренд на глобализација ќе се рефлектира и во создавањето на унисекс општество? Можеби е премногу радикално да се зборува за такви ефекти, но очигледно е дека во поново време традициите се менуваат во повеќето развиени култури, па често се прават заложби за рамноправност помеѓу мажите и жените во повеќето аспекти од животот, па и во стиловите на мислење.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Арнаудова*)

**ЛИТЕРАТУРА**

Cilliers, D. D.&Sternberg, J. R., 2001, Thinking Styles: Implications for Optimising Learning and Teaching in University Education, South African Journal of Higher Education Vol.15, pp. 13 – 24.

Денкова, Ф., 2005, Доминантноста на функциите и формите на стиловите на мислење во зависност од полот и училишната насока кај средношколците, Дипломски труд одбранет на Филозофскиот факултет во Скопје.

Ѓоргиева, С., 2005, Доминантноста на функциите и формите на стиловите на мислење кај средношколци со различен пол, Дипломски труд одбранет на Филозофскиот факултет во Скопје.

Lahey, B., 2002, Essentials of Psychology, New York:Mc Graw Hill.

Maccoby, E. & Jacklin, C.N., 1974, The psychology of sex differences, Stanford, CA: Stanford University Press.

Sternberg, J. R., 2003, Thinking Styles, Cambridge: Cambridge University Press.

Sternberg, J. R.,1999, A Propulsion Model of Types of Creative Contributions, *Review of General Psychology*, vol. 3, no. 2, pp.83 – 100.

Sternberg, J. R., & Grigorenko, L. E.,1997, Are Cognitive Styles Still in Style, *American Psychologist*, vol. 52, no. 7, pp.700–712.

Cilliers, D.D.&Sternberg, J. R., 2001, Thinking Styles: Implications for Optimising Learning and Teaching in University Education, South African Journal of Higher Education Vol.15, pp. 13 – 24.

Wayne, W.,1997, Psychology: Themes and Variations, New York: Brooks/Cole Publishing Company

Elena ACKOVSKA-LESKOVSKA
Vladimir DUNGEVSKI

# THINKING STYLES DIFFERENCES BETWEEN MALE AND FEMALE HIGH SCHOOL STUDENTS

## Abstract

*According to Robert Sternberg's theory, a style is a preferred way of thinking and it shows how people use the abilities they have. What is seen as stupidity or intransigence may actually be a mismatch between the style of one individual and the style of another, regardless of the ability itself.*

*One variable that is potentially relevant to the development of styles is gender. In the study presented in this paper, Sternberg-Wagner Self-Assessment Inventory was distributed to 62 high school students (27 boys and 35 girls). The results show that there are significant differences between male and female students only on local and conservative style. However remarkable differences are not found in male and female profiles of styles. Men and women tended to rate themselves as liberal and external, while conservative style is less preferred one by both sexes.*

***Key words:*** *THINKING STYLES, ROBERT STERNBERG, STUDENTS, GENDER.*